**Родољуб Анастасов, сликар**

# ХОРИЗОНТИТЕ НА ДУШАТА

*Местото на Анастасов во светски рамки се разликува од другите. Таков сликар не може да се најде ниту во Америка, ниту во Русија. Не постои сликар кој го отворил овој тематски опус. И кога беше откриено неговото сликарство, пред седум години во Париз, тоа претставуваше еден голем шок, бидејќи луѓето не беа навикнати на таков вид сликарство, и преку ноќ тој се најде во центарот на светските збиднувања, како што е Hotell Drouot.*


Човек и време II, 1977


Човек и простор CXI, 1993


Човек и простор XLI, 1982

Со избор платна од циклусот "Во потрага по изгубениот простор", започнат во 1972 година, како и со дел од сликите од последната фаза "Човек и простор", во Софија, Бугарија, во репрезентативната Национална уметничка галерија е во тек изложбата на **Родољуб Анастасов,** којашто потоа, во текот на оваа година, ќе се пресели и во Истанбул, Париз, Загреб, за на крај да биде претставена и во Скопје.

Овој голем и значаен проект го иницира и го води Уметничката галерија од Скопје, а првите реакции од Софија се сосема охрабрувачки и поттикнувачки, колку за организаторот, толку повеќе за авторот. Во таа смисла е и впечатокот на д-р **Ружа Маринска**, директор на Националната уметничка галерија во Софија, која за Анастасов и за неговото дело ќе рече дека "средбата со македонскиот ликовен уметник за мене е откритие. Не знам што е поважно кај него -



уметничката позиција (својата тема ја открил во Исусова возраст и ја развива веќе триесет години - браздејќи сè подлабоко и подлабоко) или уметничкиот капацитет и душевната големина (зашто варијациите на тема "пространство" се потврда за високиот степен на дарбата.

Сликите на Родољуб Анастасов се паметат", ќе поентира директорката на софиската Национална галерија.

Од ваквите облагородени впечатоци од сликарството на Анастасов не е далеку ниту францускиот ликовен познавач **Клод Робер,** кој ќе запише: "Карактеристиките на неговото место (на Анастасов н.з.) во светски рамки се разликуваат од другите. Таков сликар не може да се најде ниту во Америка, ниту во Русија. Не постои сликар кој го отворил овој тематски опус. И кога беше откриено неговото сликарство, пред седум години во Париз, тоа претставуваше еден голем шок, бидејќи луѓето не беа навикнати на таков вид сликарство, и преку ноќ тој се најде во центарот на светските збиднувања, како што е Hotell Drouot.

Делата на големите живи мајстори ретко ги гледаме во нашите галерии. Презентациите на Анастасов во Софија, Истанбул, Загреб и во Париз само ќе ја подгреваат нашата нестрпливост. Трпението ќе биде наградено со големите вредности на Анастасов.

***З. БОЈАРОВСКИ***